# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 29 Септември 2006 година<br>Службен гласник број 10<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА (РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ ОД МАЛ ОБЕМ)**

1. Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година (Ребаланс на Буџетот од мал обем), се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1769/1
29.09.2006 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.36 ст.1 т.2 од Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и чл.26 ст.1 т.2 од Статутот на Општина Прилеп (Сл.Гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005) , Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 28.09.2006 година, ги донесе следните :

**Измени и дополнувања на Буџетот на ЕЛС-Општина Прилеп за 2006 г. (Ребаланс на Буџетот од мал обем)**

чл.1

Во Билансот на Расходите во делот на Основниот Буџет на ЕЛС-Општина Прилеп за 2006 г. , во Програма Ј-Комунални дејности - во подпрограма ЈА-Изградба на јавно осветление се вршат следните измени :

- Ставката 482 -Други градежни објекти - Подставка 482 820 -Изградба на капацитети во енергетиката , планираниот износ од 2.400.000,оо ден. се намалува во износ од 800.000,оо д. и со Ребалансот се проектира во износ од 1.600.000,оо ден.

- Намалениот износ од 800.000, ден. од Подпрограмата ЈА- Изградба на јавно осветление , се проектира во Подпрограмата Ј3-Јавно осветление во Ставката 423-Ситен инвентар , алат и др. материјали за поправки , во Подставка 423 990-Други материјали , така да од планираните 1.200.000,оо д. во Буџетот , со Ребалансот оваа ставка ќе изнесува 2.000.000,оо д.

Во Подпрограмата Ј3-Јавно осветление покрај горенаведената измена се прават и следните измени :

- Ставката 425-Договорни услуги - Подставка 425 990-Други договорни услуги , планираниот износ од 1.000.000,оо д. се намалува во износ од 940.000,оо д. и со Ребалансот се проектира во износ од 60.000,оо д.
- Се отвара нова Ставка 424-Поправки и тековно одржување - Подставка 424 430-Поправка и одржување на опрема , со Ребалансот во проектиран износ од 940.000,оо денари.

чл.2

Измените и дополнувањата на Буџетот на ЕЛС-Општина Прилеп за 2006 г. влегуваат во сила со денот на објавувањето во -Службен Гласник на Општина Прилеп-.

Број 07 - 1753/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.09.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВОТО “НИСКОГРАДБА ВИК” – ДООЕЛ ПРИЛЕП, БРОЈ 02 – 184/1 - 5 ОД 29.03.2006 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за основање на Друштвото “Нискоградба ВИК” – ДООЕЛ Прилеп, број 02 – 184/1 - 5 од 29.03.2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1769/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 28.09.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за основање на трговско друштво со ограничена одговорност основано од едно лице "Нискоградба - ВИК ДООЕЛ" - Прилеп

1. Се дава согласност на Одлуката за измена на Одлуката за основање на трговско друштво со ограничена одговорност основано од едно лице "Нискоградба - ВИК ДООЕЛ" - Прилеп, број 02 – 184/1-5 од 29.03.2006 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1753/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.09.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАЛОЖНО ПРАВО БРОЈ 02 – 292/1 – 4 ОД 22.06.2006 ГОДИНА, НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈКП “ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА” ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Одлуката за воспоставување на заложно право број 02 – 292/1 - 4 од 22.06.2006 година, на Управниот одбор на ЈКП “Водовод и Канализација” Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1769/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавни претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина прилеп на седницата , одржана на 28.09.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Одлуката за воспоставување на заложно право, број 02 – 292/1-4 од 22.06.2006 година на Управниот одбор на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп

1. Се дава согласност на Одлуката за воспоставување на заложно право, број 02 – 292/1-4 од 22.06.2006

година на Управниот одбор на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 1753/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.09.2006 год. на Совет на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ТЕКОТ НА 2006 ГОДИНА**

1. Програмата за дополнување на Програмата за донесување урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1769/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 17 став 1, член 26, став 4 и став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/2005) и член 22 и 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 28.09.2006 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички Планови во Општина Прилеп во текот на 2006 година

**ДОНЕСУВАЊЕ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА ПО БАРАЊЕ НА ЃРАЃАНИ**

А.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

1.Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс

“Погон за производство на челични конструкции и покривни елементи”на КП бр.4090 ,КО Варош во Општина Прилеп, со површина од 5164м2.

2.Урбанистички план вон насеелено место за изградба на стопански комплекс “Дисрибутивен центар со автосалон и пратечки содржини “ на КП 172/2, КО Ново Лагово, со површина од 5164м2.

3.Урбанистички план вон населено место за изградба на бензинска пумпа со пратеччки содржини во м.в. “БУЧАЛА” К.О. Беровци,со површина од 55676м2.

Б.ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1.ДУП за Урбан Блок 1/2,Урбан Модул 1 во Прилеп ,кој го опфаќа локалитетот со следните граници:од југ улицата Ö”Орде Чопела”, од исток ул.Нил Амстронг ,од север улица Борка Лопач и од запад улица “Борка Лопач”.

2.ДУП за Урбан Блок 1/3 ,Урбан Модул 3, во Прилеп со следните граници: од север пресекот поимеѓу улиците Марксова и Козјак,од североисток ул.”Козјак” ,потоа границата врти по улицата Даме Груев,па по улицата “Поп Спасе Игуменов”до улицата “Шакир Војвода”и по улицата “Марксова”,до пресекот со улицата Козјак.

3. Детален урбанистучки план за УАЕ бр.2.,Урбан Блок 2/3,Урбан модул 2 ,во Прилеп,со следните граници: од север улица ”Војводинска” од исток улица Војводинска ,од југ крак на ул.”Војводинска и од запад новопроектирана сообраќајница.

4. Детален урбанистички план за УАЕ бр.5,Урбан Блок 5 ,Урбан модул 3, во Прилеп со следните граници:североисток ул.”Дабнички Завој”, од северозапад ул.”Дабнички Завиј”, на север-пресекот на улиците Дабнички Завој п од југ по границите на КП бр.5080 и 5079 и улицата “Дабнички Завој”.

5.Детален урбанистички план за УАЕ бр.5,Урбан блик 5,урбан модул 4,со следните граници :северозапад ул.”Тризла”, југозапад ул.”Кумровец”,југоисток ул.”Мице Козар”,североисток ул.”Кораб”.

6.Детален урбанистички план за УАЕ бр.6,Урбан Блок 6,Урбан модул 2 ,со следните граници: североисток ул.”Тризла”,југоисток ул.”Пиринска”,југозапад ул.”Браќа Шемкоски”, и од северозапад ул.”Круме Волнароски”.

7.Детален урбанистички план за УАЕ бр.9,Урбан Блок 9/1,Кварт 4, Урбан модул 4.5 ,со следните граници:југ ул.”Јоска Јорданоски”,исток ул.”11ти Октомври”,север новопроектирана сообраќајница и од запад ул.”Борис Кидрич”.

8.Детален урбанистички план за УАЕ бр.10,Урбан Блок 10,Урбан модул 2,со следните граници :северозапад ул.: “Борис Кидрич”,југозапад “Крсте

Мисирков”,југоисток ул.”Пелагонија”и од североисток ул.”Кеј 4ти Јули”

9.Детален урбанистички план за УАЕ бр.11,Урбан блок 11/2,урбан модул 1 со граници:југоисток ул.”Јоска Јорданоски”до пресекот со ул.”Ѓоре Ѓоресκи,потоа по ул .””Ѓоре Ѓоресκи до пресекот со ул.”Февруарски Поход”, по истата улица до ул.”Нада Ламеска”која врти и пак оди до ул.”Јоска Јорданоски”.

10.Детален урбанистички план за УАЕ бр.16,урбан блок 16/2.урбан модул 1 и урбан модул 2 ,со следните граници :северозапад ул.”Мечкин Камен до пресекот со улица Ѓорѓи Димитров,потоа пресек помеѓу две КП до улицата Дервен,потоа по улица Бошко Буха до улица Нада Циривири до пресекот со улица “Мечкин Камен”.

11.Детален урбанистички план за УАЕ 16,Урбан Блок 16/3,Урбан Модул 1 во Прилеп ,со граници помеѓу улиците:од југоисток ул.”3ти Ноември”,од југозапад ул.”Мечкин Камен”,од североистк “Истарска”и од северозапад крак на истарска со вкупна површина 0,83 Ха

12.Детален урбанистички план за УАЕ бр.21, Урбан блок 21/3 ,урбан модул 1, со граници: од југ ул.”Леце Котески”, од запад граница помеѓу намена –индустрија и индивидуално становање со сервиси,од север граница помеѓу намена во долѝжина од 150,00м. ,од исток по по граница на катастарски парцели до улица “Леце Котески”.

13.Измена и дополнување на одлуката за измена идополнување на ДУП за УАЕ бр.9,урбан блок 9/1 (градски пазар и ул.Борка Талески) бр.07-456/25 од 23.03.2006год. објавена во Сл.гл.бр.3/2006 ,која сега треба да гласи:ДУП за УАЕ бр.9,урбан блок 9/2 – Градски Пазар- и измена и дополнување на ДУП за УАЕ бр.9/2,Кварт 1 и Кварт 2 , во однос на пешачката улица “Борка Талески” .

Број 07 – 1753/ 5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.09.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 8 УРБАН БЛОК 8/1, УРБАН МОДУЛ 1 И 3 И УРБАН БЛОК 8/2, УРБАН МОДУЛ 1 ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за уае број 8 , урбан блок 8/1, урбан модул 1 и 3 и урбан блок 8/2, урбан модул 1 во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1769/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 28.09.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ бр.8, урбан блок 8/1 , урбан модул 1 и 3 и Урбан блок 8/2,Урбан модул 1, во Прилеп.**
**Чл.1**

Се донесува Детален урбанистички план за УАЕ бр.8 ,урбан блок 8/1, урбан модул 1 и 3, и Урбан Блок 8/2,урбан модул 1, во Прилеп , (во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:**од пресекот на ул.”Будимаж” и ул.”Киро Нацески Фетак” оди кон југ по средина на ул.”Киро Нацески Фетак” до пресекот со ул.”Ило Попадинец”, свртува кон запад по средина на ул.”Ило Попадинец” до пресекот со ул.”Борка Стефаноски”,свртува кон југ по средина на ул.’Борка Стефаноски” до пресекот со ул.’Андон Слабејко”,свртува кон североисток по средина на ул.”Андон Слабејко”до пресекот со ул.”Димо Наредникот,свртува кон југ по средина на ул.”Димо Наредникот” до средина на мостот на река Оревоечка,свртува кон југозапад по средина на речното корито

на река Оревоечка,до правецот на железничката пруга ,до пресекот со ул.”Андон Слабејко”,свртува кон североисток по средина на ул.”Андон Слабејко” до пресекот со ул.”Александар Спиркоски –Џемо”,свртува кон север по средина на ул.”Александар Спиркоски - Џемо, оди до крај на улицата и преминува по средина на железничката пруга,оди кон северозапад до пресек со улица “Ленин”, свртува кон север по средина на ул.’Ленин” до пресекот со ул.’Будимаж” ,свртува кон исток по средина на ул.”Будимаж”и доага до почетната точка на границата.

**Согласно чл.52 од Одредбите за спроведување на ГУП на град Прилеп , објектите во урбанистичките парцели бр.1.34,1.32.1.31 и 1.30 ,задржани се како индивидуални семејни куќи .**

Чл.2

**Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:**

**-Предлог План** изготвен од ДОО”Урбанизам”-Битола со **техн.бр.16-1/05 од Март 2006г**;

-**Програма** за изработка на урбанистички планови за Општина Прилеп **за 2005год.**

**-Стручна ревизија на Нацрт Планот** изготвена од ”Ин-Пума”Скопје со техн.бр.16-1/05 од Јули 2005г.

**-Одговор на стручната ревизија** од изготвувачот на планот од Јули 2005год. техн.бр.16-1/05.

**-Стручно мислење од Министерството за транспорт и врски** бр.13-15954 од 09.12.2005год.-Сектор за уредување на просторот;

**-Одговор на стручното мислење** бр.24-1113/6 од 27.12.2005год.

**-Одлука за утврдување на Нацрт планот** бр.07-2945/20 од 29.12.2005г;

**-Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета** по Нацрт планот бр.09-9/1 од 09.01.2006год.

**-Соопштение** за организирање на јавна анкета бр.09-9/2 од 09.01.2006год.- објавено во печатен медиум.

**-Записник од стручна консултација** по нацрт планот бр.09-9/4 од 01.02.2006г;

**-Извештај по спроведена јавна презентација и јавна анкета** по Нацрт ДУП бр.09-9/5 од 03.03.2006год.

**-Известие за постапување по извештајот** бр.09-9/6 од 12.05.2006.;

**-Доставување на барање за согласност** за Предлог План бр.09-9/7 од 17.04.2006г. и бр.09-76/5 од 07.06.2006г;

**-Согласност од Министерството за транспорт и врски** за Предлог План на ДУП за УАЕ бр.8,урбан блок 8/1, урбан модул 1 и 3 и Урбан Блок 8/2 ,Урбан модул 1 во Прилеп (7,46) Хидрауличен амортизер,бр.18-9592 од 20.06. 2006год.

**- Комплетниот примерок** од Предлог план за ДУП за УАЕ бр.8.Урбан блок 8.1 ,урбан модул 1 и 3 и Урбан Блок8/2 –Урбан модул1 ,ги содржи следните прилози:

Проектна програма

Предлог План-текстуален дел

**Општ дел**

-Регистрација на проектанската организација;

-Лиценца за носител на изработување на урбанистички планови

-Проектанти кои учествуваат при изработката на ДУП

**Текстуален дел**

1.Проектна програма

2.Планиран развој

3.Табеларен биланс на површини за градба

4.Параметри за уредување на просторот

**Графички дел-планиран развој**

- Синтезен графички приказ на планските решенија М=1:1000

-Синтезен графички приказ-сообраќај и инфраструктура М=1:1000

**Документациона основа**

- текстуален дел
- Извод од Генерален урбанистички план М=1:5000
- Постоен Детален Урб,план за УАЕ бр.8 М=1:1000
- Ажурирана геодетска подлога М=1:1000
- Инвентаризација на постоен градежен фонд м=1:1000

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи

и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Составен дел на оваа Одлука е извештајот од јавната анкета бр.09-9/5 од 03.03.2006год.,со образложение за прифатените и неприфатените забелешки,изработен од стручна комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

**Чл.5**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

**Чл.6**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.7**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07 - 1753/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.09.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО “ТУРИСТИЧКИ КОМПЛЕКС ОРЕОВЕЦ” – ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на урбанистички план вон населено место “Туристички комплекс Ореовец” – Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1769/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 28.09.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички план вон населено место “Туристички комплекс ОРЕВОЕЦ”-Општина Прилеп**

Чл.1

Се донесува Урбанистички план вон населено место “Туристички комплекс-Оревоец”во Општина Прилеп, (во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот:од северната страна природен ободен одводен канал, оди кон југ по граница на КП бр.3196,и по граница на КП бр.3195,кои влегуваат во градежниот реон,врти кон запад по граница на КП бр.3196,и висинската разлика од 2-3 м. на теренот ,оди кон запад до КП бр.3192,врти кон југ по граница на КП БР.3192 до локален пат Прилеп –Оревоец, оди кон југозапад до КП бр.3227,оди кон северозапад по КП бр.3194 која влегува во градежниот реон до КП бр.3226,врти кон југозапад по граница на КП бр.3226 и висинска разлика на теренот од 2-3м. до КП бр.3224,врти кон северозапад по границата на КП бр.3226,која влегува во градежниот реон до ободниот одводен канал од каде е и почетната точка на границата,во вкупна површина од 2,019Ха.

Чл.2

**Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:**

-Извод од Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Прилеп за 2006г., каде е предвиден планот што се изработува.

- Нацрт План техн.бр.01/06 од 2006год.,изработен од ДООЕЛ”Стил Проект” од Прилеп.

-Стручна ревизија на Нацрт Планот изготвена од АД”ЗУАС”-Скопје од 2006.г.

-Одговор на забелешките од стручната ревизија од изготвувачот на планот ДООЕЛ “Стил Проект”од Прилеп од 2006г.

-Стручно мислење од Министерството за транспорт и врски бр.18-4175/2 од 13.03.2006год.

-Одговор на забелешките од стручното мислење од изработувачот на планот

- Одлука за утврдување на Нацрт на урбанистички план вон населено место”Туристички комплекс Оревоец”,бр.07-877/19 од 28.04.2006год.

- Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Планот, бр.09-290/4 од 10.05.2006год.

-Соопштение за јавна презентација и јавна анкета бр.09-290/5 од 10.05.2006год. објавено во печатен медиум.

-Известување за одржување на стручна консултација бр.09-290/6 од 10.05.2006год.

-Извештај од јавната анкета и стручна консултација по Нацрт Планот бр.09-290 /8 од 22.06.2006год.

- Известување за постапување по извештајот бр.09-290/10 од 19.07.2006год.

-Барање на согласност на Предлог планот бр.09-290/11 од 20.07.2006год.

-Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.19-14125 од 22.08.2006год.

- Одобрение –согласност за изградба на сакралниот објект ,издадено од Македонска Православна Црква – Преспанско Пелагониска Епархија.

**Комплетен примерок од Предлог Планот техн.бр.01/06**, изработен од ДООЕЛ”Стил Проект ” од Прилеп,**кој содржи:**

**Општ дел**

1.Насловен лист;

2.Содржина;

3.Регистрација на проектанската организација;

4.Лиценца за носител на изработување на урбанистички планови

4.Проектант кој учествува при изработката на УП

**Текстуален дел**

5.Планиран развој

6.Параметри;

7.Документациона основа

**Графички дел-планиран развој**

1.намена на земјиштето М=1:1000

2.намена на површини-синтезен приказ М=1:1000

3.сообраќај и нивелманско решение М=1:1000

4.водовод и канализација М=1:1000

5.електрика М=1:10000

6.електрика и ПТТ мрежа М=1:1000

**Графички дел-документациона основа**

1.Извод од Просторен план на РМ

2.прегледна карта М=1:25000

3.прегледна карта М=1:10000

4.ажурирана геодетска подлога М= 1:2500

5.намена на комплексот и постојна состојба на инфраструктурни објекти и инсталации М=1:2500

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци

**Чл.5**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.6**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 1753/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.09.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУ ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА "КИРО КРСТЕСКИ – ПЛАТНИК" – ПРИЛЕП**

1. Решението за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈОУ Дом за стари лица "Киро Крстески – Платник" – Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1769/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за установите ("Службен весник на РМ" бр. 32/2005),член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 28.09.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈОУ Дом за стари лица "Киро Крстески - Платник" – Прилеп**

1. Се разрешува Марија Костоска од функцијата член на Управниот одбор на ЈОУ Дом за стари лица "Киро Крстески - Платник" – Прилеп, по нејзино барање.
2. За член на Управниот одбор на ЈОУ Дом за стари лица "Киро Крстески - Платник" – Прилеп, се именува Валентина Николоска, ССС, медицинска сестра, вработена во Домот за стари лица.
3. Решението да се достави до именованата, ЈОУ Дом за стари лица "Киро Крстески - Платник"– Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп и архивата на Општина Прилеп.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1753/ 8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.09.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ПО ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА**

1. Заклучоците по Предлог - Законотза полиција, се објавуваат во Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1769/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.09.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 и 14 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 36 и 37 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 28.09.2006 година, расправајќи по Предлог – Законот за полиција, ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Советот на Општина Прилеп оценува дека СВР Прилеп наместо да биде полициска станица во рамките на СВР Битола, како што е предвидено со Предлог – Законот за полиција, имајќи го во предвид бројот на жителите, кои во овој момент ги покрива СВР – Прилеп (околу 150.000 жители), севкупната безбедносна ситуација, криминалитетот во градот и околината, потребно е во наредниот период СВР Прилеп да дејствува како сектор.
2. Пратениците од Општина Прилеп во Собранието на РМ, без

разлика на партиската припадност, со свој амандман на Предлог – Законот за полиција, да се заложат СВР Прилеп да остане и натаму со статус на Сектор.

3. Заклучоците да се достават до пратениците во Собранието на РМ: Оливер Деркоски, Панче Дамески, Катерина Димеска, Тале Герамитчиоски, Роза Топузова – Кареска и Цветанка Иванова, Владата на РМ, Министерството за внатрешни работи , Градоначалникот на Општина Прилеп и архивата.

4.Заклучоците ќе се објават во “Службен гласник на Општина Прилеп”

Број 07 – 1753/9
28.09.2006 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

# С О Д Р Ж И Н А
## на “Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 10 од 29.09.2006 година

1. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година (Ребаланс на Буџетот од мал обрем). ..................................... 1

2. Решение за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за основање на Друштвото “Нискоградба ВИК” – ДООЕЛ Прилеп, број 02 – 184/1 - 5 од 29.03.2006 година. **...................................... 2**

3. Решение за давање согласност на Одлуката за воспоставување на заложно право, број 02 – 292/1 - 4 од 22.06.2006 година на Управниот одбор на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп. **...................................................................................................................... 2**

4. Програма за дополнување на Програмата за донесување урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2006 година........ **...................................................................................................................... 3**

5. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за уае број 8 , урбан блок 8/1, урбан модул 1 и 3 и урбан блок 8/2, урбан модул 1 во Прилеп. **........................................................................................... 4**

6. Одлука за донесување на урбанистички план вон населено место “Туристички комплекс Ореовец” – Општина Прилеп. **..................... 6**

7. Решение за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈОУ Дом за стари лица “Киро Крстески – Платник” – Прилеп. **...................................................................................................................... 8**

8. Заклучоци по Предлог - Законот за полиција........................... **9**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.